РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно училиште на град Скопје
Гимназија ЈОСИП БРОЗ ТИТО
Бр. 05-227/2
28.04. 2025
СКОПЈЕ

Средно училиште на Град Скопје
Гимназија „Јосип Броз - Тито“ – Скопје

# Програма за развој
## на Средно училиште на Град Скопје Гимназија „Јосип Броз - Тито“ 2025-2029

Скопје, 2025

Република Северна Македонија
Средно училиште на град Скопје
Гимназија ЈОСИП БРОЗ ТИТО
СКОПЈЕ

# Содржина

Мисија на училиштето .......... 3
Визија на училиштето .......... 3
Подрачја на промени, приоритети и цели .......... 4
Од приоритети до стратешки цели .......... 10
Стратешка цел 1 .......... 11
Развојни цели .......... 11
Стратешка цел 2 .......... 12
Развојни цели .......... 12
Стратешка цел 3 .......... 13
Развојни цели .......... 13
Стратешка цел 1 - Унапредување на условите за ефективна и квалитетна настава .......... 13
Стратешка цел 2- Поголема вклученост на родителите и заедницата во училиштниот живот ... 16
Стратешка цел 3 - Континуирано унапредување на условите, опремата и инфраструктурата за модерна и одржлива училишна средина .......... 18

# Мисија на училиштето

Нашата мисија е да ви овозможиме квалитетно и современо образование, кое ќе ви помогне да ги развиете вашите знаења, таленти и вредности, за да бидете подготвени за понатамошно образование и успешно да чекорите низ животот.

Нашето училиште ги оспособува учениците да разберат, активно да придонесуваат и да постигнуваат успеси во динамичното општество, со што придонесуваат за подобар и поправеден свет.

Се грижиме секој ученик да стекне сигурност, вештини и компетенции кои произлегуваат од квалитетното образование и кои се клучни за успех и лидерство во современата, креативна економија.

Учениците ги насочуваме кон процес на усвојување практични и теоретски знаења што овозможуваат подлабоко разбирање на светот и подобрување на условите за развој на локалните и глобалните заедници.




# Визија на училиштето

Нашата визија е да изградиме инклузивна и мултикултурна училишна заедница во која секој ученик има можност да ја развие својата креативност, инвентивност и критичко мислење. Стремиме кон воспитување генерации кои се одговорни, отворени кон различностите и подготвени да придонесат кон решавање на општествени предизвици.

Врз основа на почит, соработка и јавно добро, училиштето ја гради својата улога како современ образовен центар што ги подготвува младите за активно граѓанство и за успешна интеграција во динамичен и разновиден свет.

# Подрачја на промени, приоритети и цели

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### SWOT – Анализа

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| Наставниците целосно ги спроведуваат предвидените наставни планови и програми, при што вршат соодветни прилагодувања и активно влијаат врз начинот на нивната реализација. | Недостаток на систем за наградување на наставниците за нивно поголемо мотивирање во извршувањето на работните задачи. |
| Со соодветно прилагодени и реализирани наставни планови и програми во значителна мера се поттикнува развојот на самостојноста, самодовербата, лидерските вештини и другите способности кај учениците. | Постојат недостатоци во соодветното наградување на учениците кои постигнуваат извонредни резултати и освојуваат награди. |
| Наставните планови и програми за сите предмети се содржински изработени со висок квалитет. | Постои потреба од дополнителна едукација на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби, како и со талентирани ученици. |
| Наставата се спроведува од квалификуван и стручен наставен кадар. | За подобрување на наставниот процес, се препорачува зголемување на практичните активности, лабораториските вежби и проекти кои ќе овозможат учениците да ги применуваат теоретските концепти во практични ситуации. |
| Има висока подготвеност на наставниот кадар за осовременување на наставата, преку воведување на современи методи, дигитални алатки и интерактивни активности. Ова овозможува подобрување на квалитетот на наставниот процес и поголема вклученост и мотивираност на учениците при учењето. | За подобрување на состојбата, се препорачува развивање на активности кои ќе ги вклучат учениците во креирање и применување на правилата, со цел тие да се почувствуваат одговорни и активно да учествуваат во формирањето на позитивната училишна култура. |
| Редовно реализирање на дополнителна и додатна настава и воннаставни активности. | Слаба посетеност од страна на учениците |

| | |
|---|---|
| Воннаставните активности се реализираат со успех и силно е изразена свеста за придобивките од нив. | Посилна мотивираност и потреба на учениците од дообјаснување на веќе ученикот материјал. |
| Постои заемна соработка на ниво на стручни активи. | Потребна е поголема соработка во реализацијата на наставните планови и програми |
| Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки на однесување на учениците. | Недоволно поттикнување на тимската работа меѓу учениците. |
| Наставната програма е прилагодена и опфаќа стекнување на сите потребни компетенции: знаења, вештини, ставови и вредности. | Наставниците не се доволно обучени за да изработуваат проекти.<br>Им недостасуваат вештини за успешно планирање и реализирање на проекти. |
| Наставниците и стручната служба постојано ги следат и анализираат резултатите на учениците. | Недоволно развиена вештини за континуирано подобрување на постигањата. |
| Постоење систем за идентификација на надарени ученици, континуирана работа со истите и јавно промовирање на постигнатите резултати. | Континуирана работа преку специјализирани програми и дополнителни активности. |
| Континуирано следење и анализирање на редовноста на учениците од страна на наставниците и стручната служба. | |
| Интегрирано планирање на наставни содржини од екологија и меѓуетничка интеграција од страна на наставниците. | |

| | |
|---|---|
| Училиштето се фокусира на тимска работа. | |
| Редовно и често одржување на индивидуални и заеднички родителски средби. | |
| Редовно водење на педагошка евиденција и документација. | |
| Користење на разновидни наставни форми и методи за работа со сите ученици, како и користење на стратегии и техники на учење и поучување на учениците. | Дел од наставниците не учествуваат во организираните обуки од страна на училиштето. |
| Користење на разновидни форми и методи на оценување. | Отсуство на унифицирани критериуми за оценување кај активите од покомплексните предмети. |
| Успешна реализација на додатна и дополнителна настава. | |
| Успешна реализација на воннаставните активности. | |
| Учениците и наставниците редовно учествуваат во воннаставни активности, семинари, предавања и проекти кои се организирани на локално и меѓународно ниво. | |
| Успешност на многубројни натпревари каде учениците освоиле награди на општински, државни и меѓународни натпревари. | |
| Добра соработка на наставниците со стручната служба и раководството. | |
| Добра интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето. | |
| Квалитетни програми за работа на стручните активи на училиштето. | |

| | |
|---|---|
| Се поттикнува соработка и меѓусебна помош кај учениците. На тој начин, тие ќе се дружат заедно и ќе ги надминат сите разлики што произлегуваат од нивната вера, националност или социјална припадност. | |
| Добра информираност на учениците за професионална ориентација преку центарот за кариерен развој и кариерниот советник. | |
| Ова училиште е отворено за соработка со родителите, локалната заедница, невладините организации и медиумите. | |
| Училиштето постојано организира хуманитарни акции и настани за да им помогне на учениците од социјално ранливи семејства, како и за други хуманитарни цели. | |
| Училиштето посветува посебно внимание на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба разговара со нив и соработува со соодветните институции за да им обезбеди помош. | Недоволна соработка од страна на родителите, односно неприфаќање на реалната ситуација. |
| Училиштето одржува високо ниво на безбедност и хигиена, со што се обезбедува грижа за здравјето на сите ученици. | |
| Одличен углед на училиштето во општеството и околината, па и пошироко. | |
| Стручната служба го поддржува наставниот кадар во организирањето на наставниот процес. | |
| Достапна советодавна помош за учениците во секое време. | |
| Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионаниот развој. | Дел од наставниците не ги ажурираат доволно редовно. |

| | |
|---|---|
| Раководството на училиштето поседува јасно определена визија за развојот и унапредувањето на институцијата, која служи како водилка за донесување стратешки одлуки и планирање на активностите. Визијата го насочува училиштето кон постојано подобрување на квалитетот на наставата, развивање на компетенции кај учениците и создавање современа, инклузивна и мотивирачка образовна средина. | |
| Постојано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата. | |
| Набавка на современи надгледни средства и помагала во училиштето и за наставниот кадар. | |
| Обезбедени лап-топ компјутери за секој наставник. | |
| Обезбедени паметни табли и панели во поголемиот дел од училниците. | |
| Обезбедени се прочистувачи на воздухот во секоја училница. | |
| Обезбедена е и опремена сензорна соба за ученици со попречености. | Слаба искористеност на истата |
| Обезбеден е безжичен интернет со целосна покриеност на училишната зграда за користење од страна на наставниот кадар во текот на наставата. | |
| Секој кабинет е  опремен со компјутер и печатач, фотокопир и скенер. | |
| Воведена е електронска евиденција на библиотечниот книжен фонд. | |

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| Ефективно и ефикасно користење на расположливите наставни средства и помагала, како и ИКТ опремата во наставата и учењето. | |
| Одговорна грижа за околината, училишниот простор и инвентарот. Училиштето располага со мала ботаничка градина за која се грижат учениците. | |
| Осветлувањето на училиштето е во целост со лед панели заради заштеда на електричната енергија. | |
| Училиштето располага со доволно наставни образовни помагала потребни за квалитетна настава. | |
| Раководството има јасна визија за развојот на училиштето согласно потребите. | |
| Поставени се вариолајт ролетни, фолии и клима уреди во училниците на јужната страна од зградата. | |
| Обезбедени се реквизити во училишниот двор за спортско-рекреативни активности на учениците. | |
| Направена е патека со клупи и осветлување за користење за време на слободното време на учениците и наставниците. | |
| Направен е надворешен покриен простор кој ќе се користи како летна училница за дел од активностите или заедничките часови на учениците. | |
| Направен е дел каде учениците можат да ги оставаат своите велосипеди и тортинети, со што се поттикнува свеста на учениците за еколошки превоз до училиштето. | |

| | |
|---|---|
| Во рамките на училишната зграда поставени се корпи за селектирање на отпад, соодветно означени. | |
| Одредена е еко-патрола од страна на еко-клубот. | |

## Од приоритети до стратешки цели

| Каде сме сега?<br>- приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br>- стратешка цел |
|---|---|
| 1. Недоволна подготвеност на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби, поради недостиг на обуки и релевантна литература. | 1. Јакнење на капацитетите за инклузивно образование.Обезбедување континуирани обуки и пристап до стручна литература за наставници и стручни соработници, со цел ефективна работа со ученици со посебни образовни потреби. |
| 2. Учениците се соочуваат со тешкотии во совладувањето на одредени предмети, како резултат на ограничена употреба на креативни и интерактивни методи од страна на некои наставници. | 2. Подобрување на наставните методи. Поттикнување на примена на креативни и интерактивни пристапи во наставата, за да се зголеми ангажираноста и интересот на учениците кон наставната содржина. |
| 3. Недостиг на професионални обуки за наставниот кадар и стручните лица во процесот на препознавање и поддршка на надарени и талентирани ученици. | 3. Препознавање и поддршка на талентот кај учениците Обезбедување професионална поддршка и алатки за |

| | |
|---|---|
| 4. Недоволна мотивација кај учениците кои постигнуваат високи резултати, поради неадекватно вреднување и наградување на нивните успеси.<br><br>5. Потреба од засилена промоција и афирмација на ученичките проекти и трудови надвор од рамките на училиштето.<br><br>6. Отсуство на функционален систем за наградување на наставниците, што влијае на нивната мотивација и ангажираност во работата.<br><br>7. Недоволна едукација и практична обука на наставниот кадар за развој и имплементација на проекти и долгорочни планови. | наставниот кадар при идентификување и развој на надарени и талентирани ученици.<br><br>4. Мотивација преку признавање на успехот Воспоставување систем за наградување и афирмација на ученици кои постигнуваат високи резултати и добиваат признанија, со цел да се поттикне нивната понатамошна мотивација.<br><br>5. Јавна промоција на ученички трудови Поддршка за учениците при презентирање на нивните проекти и трудови надвор од училиштето, преку настани, изложби и партнерства со локални институции.<br><br>6. Мотивација на наставниот кадар Креирање на систем за наградување и јавно признание на наставниците, како начин за зголемување на нивната професионална мотивација и ангажираност.<br><br>7. Развој на проектни и плански вештини Организирање на обуки за наставниците |
| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
| Унапредување на средината и ресурсите за ефективно спроведување на воспитно-образовниот процес со висок квалитет. | -Зголемување на интерактивноста во наставата и мотивирање на учениците за постигнување на квалитетно и трајно знаење. |

| | |
|---|---|
| | -Јакнење на професионалните компетенции на наставниците и стручните соработници преку континуирана едукација и практична поддршка, со цел обезбедување на ефективна и квалитетна наставна реализација. |

| Каде сме сега?<br>- приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br>- стратешка цел |
|---|---|
| Зголемување на ангажманот и учеството на родителите во сите аспекти од училиштниот живот и активности. | -Јакнење на образовните и практичните способности кај учениците и наставниот кадар преку активна соработка со родителите, локалните институции и деловниот сектор.<br><br>-Јакнење на партнерството меѓу училиштето и родителите преку нивна активна вклученост во планирањето, реализацијата и евалуацијата на воспитно-образовните активности, со цел подобрување на квалитетот на наставата и целокупниот развој на учениците. |

| Стратешка цел 2 | Развојни цели |
|---|---|
| Поинтензивна соработка со родителите и локалната заедница. | -Засилување на партнерската улога на родителите преку нивно активно учество во планирањето, реализацијата и поддршката на училишните активности. |
| | -Продлабочување на соработката со локалните институции со цел збогатување на воспитно-образовниот процес и создавање на практични можности за учениците. |

| Каде сме сега?<br>- приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br>- стратешка цел |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Континуирано надоградување на материјално-техничките услови за работа. | - Континуирано подобрување и модернизација на материјално-техничките услови за работа, со цел зголемување на ефикасноста, безбедноста и квалитетот на наставнообразовниот процес. |

| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
|---|---|
| Непрекинато унапредување на материјално-техничките услови за работа во училиштето. | -Воведување и редовно ажурирање на современи наставни помагала, ИКТ-опрема и софтвер за поддршка на наставниот процес. |
| | -Реконструкција, адаптација и редовно одржување на училници, лаборатории, спортски сали и други простории за создавање безбедна и функционална средина. |
| | -Продолжување со имплементација на мерки за заштеда на енергија, користење еколошки материјали и воведување обновливи извори на енергија за намалување на трошоците и заштита на животната средина. |

## Стратешка цел 1 - Унапредување на условите за ефективна и квалитетна настава

| Развојна цел | Конкретна цел | Активности 2025 - 2026 | 2026 - 2027 | 2027 - 2028 | 2028 - 2029 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. Зголемување на интерактивноста во наставата и мотивирање на учениците за постигнување на | Изработка и спроведување на стратегија за модернизација на наставните простории, | - Формирање работна група за модернизација (наставници, стручни соработници, технички персонал, | - Продолжување со фазата на реконструкција (приоритетни училници и лаборатории) | - Продолжување со фазите и активностите на тековно одржување (останати училници, специјализирани | - Финализирање на сите реконструкции и опремување на просториите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| квалитетно знаење. | лабораториите и заедничките училишни простори преку современа опрема, реконструкција и енергетски ефикасни решенија, за создавање безбедна и мотивирачка средина до јуни 2029. | претставници на ученици и родители)<br>- Идентификација на приоритети и потреби по простории и лаборатории<br>- Истражување на добри практики и современи стандарди за училишна инфраструктура | - Набавка и инсталација на современа ИКТ-опрема и наставни помагала во дел од просториите<br>- Обука на наставниот кадар за користење на новата опрема<br>- Меѓу-евалуација на напредокот и прилагодување на планот. | кабинети, спортска сала)<br>- Проширување на набавката на современа опрема и дигитални ресурси<br>- Инсталација на обновливи извори на енергија (соларни панели, системи за заштеда на вода)<br>- Подобрување на безбедносните стандарди (противпожарни системи, сигнализација, пристапност за лица со попреченост) | - Целосна имплементација на енергетски ефикасни решенија<br>- Завршна евалуација на проектот и мерење на влијанието врз квалитетот на наставниот процес<br>- Поставување план за редовно одржување и понатамошно унапредување |
| 1.2. Јакнење на професионалните компетенции на наставниците и стручните соработници преку континуирана едукација и практична поддршка, со цел обезбедување на | - Спроведување програма за континуирана едукација и менторска поддршка на наставници и стручни соработници преку обуки, работилници и советување, со | - Формирање на координативен тим за професионален развој<br>- Изработка на годишен план за обуки, работилници и менторска поддршка<br>- Спроведување на почетна проценка на потребите на | - Ажурирање на програмата врз основа на евалуацијата од претходната година<br>Организација на нови обуки (интерактивни методи, проектно учење, критичко | - Организација на 2 обуки (иновации во наставата, интеграција на ИКТ, диференцирана настава, формативно оценување)<br>- Продолжување на менторската поддршка и вклучување на нови наставници | - Организација на завршни обуки (лидерство во образование, напредни наставни стратегии, инклузивна култура, самоевалуација)<br>- Финализирање на менторската програма и подготовка на извештај за резултатите<br>- Организација на завршни работилници за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ефективна и квалитетна наставна реализација. | цел унапредување на наставните методи и квалитетот на наставата. | наставниците и стручните соработници (анкети, интервјуа)<br>- Организација на тематски обуки<br>- Започнување на менторска програма со парови ментор–менториран наставник<br>- Организација на практични работилници со демонстрација на добри практики | мислење, комуникациски вештини)<br>- Продолжување и проширување на менторската програма<br>- Организација на практични работилници со учество на надворешни експерти<br>- Размена на искуства со други училишта (посети, заеднички настани)<br>- Меѓу-евалуација на влијанието врз квалитетот на наставата | - Организација на практични работилници со фокус на креативни наставни техники<br>- Индивидуално советување и следење на напредокот на наставниците<br>- | споделување на постигнувањата<br>- Индивидуално советување за наставници кои сакаат да развијат напредни компетенции<br>- Јавно претставување на резултатите пред наставниот колектив и родителите. |

## Стратешка цел 2- Поголема вклученост на родителите и заедницата во училиштниот живот

| Развојна цел | Конкретна цел | Активности 2025 - 2026 | Активности 2026 - 2027 | Активности 2027 - 2028 | Активности 2028 - 2029 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. Засилување на партнерската улога на родителите преку нивно активно учество во планирањето, реализацијата и поддршката на училишните активности. | Воспоставување и спроведување на програма за активно вклучување на родителите во планирањето, реализацијата и поддршката на училишните активности. | - Формирање на работна група за соработка со родители (наставници, стручни соработници, претставници на родителите)<br>Спроведување анкета меѓу родителите за нивните интереси, вештини и можности за учество<br>- Организација на прв состанок/одбор со родители за претставување на програмата<br>Вклучување на родители во подготовка на најмалку 2 училишни активности (настани, проекти) | - Редовни квартални состаноци со родителите за планирање на активности<br>- Организација на обуки/работилници за родители (поддршка на учење дома, комуникација со наставници, безбедност на учениците)<br>- Вклучување на родители како волонтери во училишни проекти<br>- Создавање онлајн канал/група за комуникација и координација<br>- Меѓу-евалуација на влијанието врз училишната заедница | - Проширување на програмата со тематски клубови или секции во кои учествуваат родители (култура, спорт, екологија)<br>- Вклучување на родители во организација на училишни екскурзии, натпревари и хуманитарни акции<br>- Организација на „Ден на родителите“ – настан каде тие презентираат професии, хобија или животни искуства<br>- Редовно информирање за напредокот преку веб-страница или Фејсбук/Инстаграм | - Вклучување на родители во советодавни тела за развој на училиштето<br>- Организација на заеднички проекти наставници–родители–ученици<br>- Завршен настан за презентирање на резултатите<br>- Подготовка на прирачник со добри практики за вклучување на родители<br>- Финална евалуација и поставување план за одржливост на програмата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2. Продлабочување на соработката со локалните институции со цел збогатување на воспитно-образовниот процес и создавање на практични можности за учениците. | Воспоставување и реализирање на заеднички програми и проекти со локалните институции за збогатување на наставниот процес и обезбедување практични искуства за учениците наставната реализација | - Формирање на координативен тим за соработка со локални институции (наставници, стручни соработници, претставници на ученици)<br>- Идентификација и мапирање на релевантни локални институции (културни, образовни, бизнис, невладини)<br>- Организација на прв состанок со претставници од институциите за претставување на целите на програмата<br>- Изработка на годишен план за заеднички активности<br>- Реализација на најмалку 2 пилот-активности со локални партнери | - Проширување на мрежата на партнери со нови институции<br>- Организација на заеднички активности (работилници, предавања, посети)<br>- Вклучување на учениците во планирањето на активностит<br>- Развивање на систем за следење и евалуација на ефектите од соработкат<br>- Промоција на резултатите преку училишниот веб-страница и локални медиуми<br>- Меѓу-евалуација и прилагодување на програмата | - Продолжување на соработката со постојните партнери и воспоставување нови партнерства<br>- Организација на тематски проекти со локалните институции (екологија, култура, технологија<br>- Вклучување на родителите како поддршка во активностите<br>- Организација на „Ден на локалната заедница“ во училиштето | - Финализирање на четиригодишната програма со голем заеднички настан (саем, изложба, презентација)<br>- Подготовка на прирачник/брошура со добри практики и успешни примери од соработката<br>- Презентација на резултатите пред локалната заедница и надлежните институции<br>- Поставување план за одржливост и продолжување на партнерствата по завршувањето на програмата. |

## Стратешка цел 3 - Континуирано унапредување на условите, опремата и инфраструктурата за модерна и одржлива училишна средина

| Развојна цел | Конкретна цел | Активности | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2025 - 2026 | 2026 - 2027 | 2027 - 2028 | 2028 - 2029 |
| 3.1.Воведување и редовно ажурирање на современи наставни помагала, ИКТ-опрема и софтвер за поддршка на наставниот процес. | Обезбедување, воведување и редовно ажурирање на современи наставни помагала, ИКТ-опрема и софтверски решенија, со цел поддршка и унапредување на наставниот процес, зголемување на интерактивноста и квалитетот на наставата, како и создавање мотивирачка и современа средина за учење. | - Формирање на тим за дигитална трансформација и модернизација на наставата<br>- Изработка на листа на потребни наставни помагала, ИКТ-опрема и софтвер<br>- Истражување на понуди и избор на најсоодветни решенија<br>- Набавка и инсталација на опрема во приоритетни училници и кабинети<br>- Организација на обука за наставниците за користење на новата опрема и софтвер | - Проширување на набавката на опрема во останатите училници и специјализирани кабинети<br>- Воведување на нови софтверски алатки за интерактивна настава<br>- Организација на 2–3 практични работилници за интеграција на технологијата во наставниот процес<br>- Редовно техничко одржување и ажурирање на постојната опрема<br>- Меѓу-евалуација и прилагодување | - Надградба на постојната ИКТ-инфраструктура (побрз интернет, мрежна опрема)<br>- Воведување на дигитални наставни ресурси и платформи за учење<br>- Организација на тематски обуки за напредни функции на софтверот и креативна употреба на технологијата<br>- Вклучување на учениците во креирање на дигитални содржини. | - Финализирање на модернизацијата во сите училници и простории<br>- Редовно ажурирање на софтверот и заменување на застарената опрема<br>- Организација на завршна обука за наставниците за оптимално користење на сите ресурси<br>- Завршна евалуација на проектот и препораки за идни подобрувања. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на планот според потребите | | |
| - 3.2. Реконструкција, адаптација и редовно одржување на училници, лаборатории, спортски сали и други простории за создавање безбедна и функционална средина. | - До крајот на 2029 година да се изврши реконструкција, адаптација и одржување на сите училишни простории според современи стандарди за безбедност, функционалност и енергетска ефикасност, за создавање модерна и стимулативна средина. | - Формирање на комисија за инфраструктура и безбедност<br>- Изработка на детален извештај за состојбата на сите простории<br>- Приоритизација на просториите за реконструкција и адаптација<br>- Изработка на проектна документација и буџет<br>- Започнување со реконструкција на најкритичните училници и санитарни јазли | Продолжување со реконструкција на останатите приоритетни училници<br>Адаптација на лаборатории со современа опрема и безбедносни стандарди<br>Реконструкција на спортската сала (под, осветлување, вентилација)<br>Воведување мерки за пристапност за лица со попреченост<br>Редовно одржување на веќе реконструираните простории | - Реконструкција и адаптација на преостанатите заеднички простории (библиотека, канцеларии, ходници)<br>Инсталација на системи за безбедност (противпожарна заштита)<br>Организација на редовни инспекции и превентивно одржување. | - Финализирање на сите реконструкции и адаптации<br>- Завршна проверка на безбедносните и функционалните стандарди<br>- Завршна евалуација на проектот и презентација на резултатите<br>Поставување план за долгорочно одржување и модернизација. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.Имплементација на мерки за заштеда на енергија, користење еколошки материјали и воведување обновливи извори на енергија за намалување на трошоците и заштита на животната средина. | - Изработка и спроведување на план за енергетска ефикасност кој вклучува мерки за заштеда на енергија, употреба на еколошки материјали и воведување обновливи извори, со цел намалување на трошоците и заштита на животната средина. | - Формирање на тим за енергетска ефикасност и одржлив развој<br>- Започнување со нискобуџетни мерки (LED осветлување, сензори за светло, оптимизација на греење/ладење<br>- Едукација на наставници, ученици и технички персонал за рационално користење на енергија | - Употреба на еколошки и одржливи материјали при реконструкции и одржување<br>- Поставување на соларни панели за производство на електрична енергија<br>- Организација на работилници за ученици за обновливи извори и заштита на животната средина<br>- Следење и мерење на заштедената енергија и намалените трошоци<br>- Меѓу-евалуација и прилагодување на планот според резултатите | - Проширување на капацитетот на обновливите извори (дополнителни панели, соларни бојлери<br>- Замена на застарена опрема со енергетски ефикасни уреди<br>- Организација на кампањи за подигање на еколошката свест во заедницата | - Финализирање на сите предвидени мерки за енергетска ефикасност<br>- Воспоставување систем за редовно одржување и ажурирање на опремата<br>- Завршна евалуација на проектот и презентација на резултатите<br>- Поставување долгорочна стратегија за одржливост и понатамошно намалување на енергетските трошоци. |